РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

| Примено: | 29.12.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0801 | 2356/1 | | |

Архивски знак: 0801
Рок на чување: трајно год.
24.12.2021 год.
Потпис:

# ПРОГРАМА ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА 2022 ГОД

## Вовед

Со оваа програма се уредува одржување на јавните зелени површини како и комуналната чистота на Општина Лозово, преку ангажирање на невработени лица кои се опфатени со оваа програма.

Во програмата ќе бидат опфатени целите, целните групи на кои се однесува самата програма, целното подрачје и локација, планот споредуваѓе и динамика на извршуваѓе на активностите, организационата структура, финасиски план, надзор и резултатите што се очекуваат од проектот.

Одржувањето на чистотата на јавните зелени површини и комуналната чистота на подрачјето на Општина Лозово е една од основните и приоритетни задачи во работењето на општината.

Преку оваа програма која ќе трае во тек на 2022 година се очекува да се постигнеповисоко ниво на јавна чистота и заштита на животната средина на целото подрачје на Општина Лозово, а со ангажирање на ниско квалификувани и повозрасни лица и можноста за вработување, а намалување на сиромаштијата

### 1.Опис на програмата

Програмата е дизајнирана како одговор на приоритетните потреби на Општината за намалувања на социјалните и економските проблеми и тензии предизвикани пред се од светската економска криза. Програмата е фокусирана на креирање на можност *за* вработување на :

-евидентирани невработени лица, кои се ниско квалификувани лица (основно или средно образование)

- Програмата е предвидена заради стекнување на одредена практични знаења и вештини со целна претпоставка за целосно вработување како и за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

- Вклучени организации

Носител на активностите на програмата ќе биде Општина Лозово, а нејзин партнер ке биде ЈПКД "Лозово " кое е одговорно за одржување на урбаниот и руралниот дел на општината

Ова јавно претпријатија ке учествуваат со логистичка подршка на сите активности поврзани со оваа програма.

- Анализа на проблемот

Имајќи ја во предвид невработеноста и статистичките параметри за најчесто споменуваните проблеми со граѓаните на Општина Лозово оваа програма ја гледаме како можност за нивно привремено ангажирање во извршуван е на јавните работи во општината.

Во Општина Лозово јавните зелени површини и другите јавни површини и објекти често се предмет на деструкција од страна на населението, а од друга страна јавните претпријатија кои се задолжени за одржување на јавна чистота и хигиена како и за одржување и обновувањеназелените површини немаат доволно капацитет во човечки ресурси како и во опрема, механизација и алат навремено и квалитетно да ги извршуваат задачите.

Затоа се наметнува потреба за дополнително ангажирање на лица за одржување на комунална хигиена.

## 2. Цел на програмата

Со оваа програма ја прошируваме можноста за активирање на долгорочно невработените и социјално загрозени лица со понизок степен на образование и повозрасни лица. На овој начин даваме можности и на оваа најзагрозена категорија на долгорочно невработени и социјално загрозени лица со цел нивно реитегрирање на пазарот на работа сила.

Со ангажирање на 8 работника од евиденција на долгорочно невработени и социјално загрозени лица на Агенција за вработување и општинскиот центар за социјална работа, со средно и понизок степен на образование, во текот ка цела 2022 година, ке оствариме неколку цели:

Прво, ќе обезбедиме можност за овие лица после подолг временски период да ги реинтегрираме на пазарот на работна сила

Второ, преку стекнување на соодветно работно искуство и работна етика во текот ка работниот процес да си остварат можност за нивно евентуално долгорочно ангажирање.

Трето, на овој начин ке обезбедиме континуирано одржување на зелените површини и комуналнита чистота и одржување и заштита на објектите во сопственост на Општина Лозово.

Четврто, континуирано разубавување на јавните зелени површини и другите јавни површини, а пред се подигнување на свест на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на лугето. Во таа смисла сметаме дека оваа програма ке понуди и финансиска и институционална одрживост надолгорочна основа.

## 3. Активности

Главна активност
- расчистување на јавното зеленило од цврст отпад
- расчистување на училишните дворови и дворовите на градинките
- континуирано косење на тревниците на јавното зеленило (паркови, блоковско зеленило, зеленило долж улиците)
- полевање на јавното зеленило
- одржување на сообраќајните површини (тротоарите, велосипедски патеки) одржување на детските игралишта
- одржување на плоштадите уредување и чување на парковите
- ископување и чистење на каналите во општината
- одржување на хигиена и комунален ред на спортските објектите и останати објекти во сопственост на општина Лозово

Времетраење на програмата

Оваа Програма ќе трае во 10 месеци во 2022 година.

## 4. Алат и прибор

Со оглед на тоа што Општината како и ЈКП„ Лозово, како нејзин партнер веке располагаат со определен вид на прибор, алат и машини и истите ке бидат искористени за реализација на оваа програма.

Опрема за безбедност при работа

Обезбедување и на оптимални и сигурни услови за работа со цел да се зачува животот и здравјето, како и работната способност на работниците, интегритетот и личната сигурност ке бидат од примарно значење.

Опремата за безбедност и здравје при работа треба да е во согласност со правилникот за безбедност при работа со кој се уредуваат мерките за заштитата при работа, обврските на работодавецот и правата и обврските на работниците во областа за зштита при работа.

Упатството за оспособување на работниците за безбедност при работа, нормативот на неопходни лични безбедностни средства ке се изврши при обука на работниците за користеiње на потребните алати и машини.

## 5. Финансиска конструкција за реализација на програмата

Општина Лозово за реализација на оваа програма предвидува да ангажира 8 работника, на временски период од 10 месеци, за кои ке им исплака месечен бруто износ од 17.000 денара.

Во буџетот на Општина Лозово за 2022год, за реализација на оваа програма се предвидуваат финансиски средства во износ од 1.360.000 денари

## 6. Надзор при реализирање на програмата

Надзорот при спроведување на оваа програма ке се врши од страна на овластено лицеод страна на Градночалникот на Општина Лозово

**Дата**
**24.12.2021год.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ЛОЗОВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

**Најстар член на Совет**
**на Општина Лозово**

**Владе Миланов**

Изготвил: Анкица Анакиева